**ОПШТИНА КОНЧЕ**

Општина Конче, 2424 Конче

Тел: +389(0)32 630 325

www.konce.gov.mk / e-mail: opstina.konce@t.mk

# Јавен повик
# за Локално собрание на млади

Иницијативниот одбор за формирање Локален младински совет при Општина Конче распишува јавен повик за членство во Локалното собрание на млади.

Повикот е отворен за сите младински организации, политички подмладоци, организации за млади, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружение кои ќе ги исполнат следните критериуми:

- Да имат активности на територијата на Општина Конче.
- Да се основани и активни најмалку една година пред отварањето на овој повик.
- Делегатот/ката и заменик делегатот/ката да се жители на Општина Конче и да се на возраст од 15 до 29 години.

Пријавување Сите заинтересирани организации кои ги исполнуваат критериумите потребно е да ги достават документите на имејл opstina.konce@t.mk или да ги донесат во архивата на Општина Конче.

Потребни документи за поднесување се:

1. Портфолио на организацијата/групата/здружението.
2. Мотивациско писмо за учество во Локалното собрание на млади, не повеќе од една страна.
3. Годишен извештај за работата од претходната година со кој се потврдува дека организацијата била активна изминатата година со активности спроведени за млади од Општина Конче.
4. Номинација на делегат/ка и заменик делекат/ка со контакт детали за претставниците.

Рокот за пријавување е од: 24.11.2023 до 01.12.2023

Апликациите ќе бидат разгледувани од страна на Иницијативниот одбор за формирање Локално собрание на млади со цел избор на Локалниот младински совет при Општина Конче.

За повеќе информации околу повикот може да се обратите на следните контакти:
Зорица Ристова Михајлова, 071 310 827 zorchyluka@hotmail.com.

Бр. 09-1604/2
24.11.2023
Конче

Иницијативен одбор за формирање Локално собрание на млади